20266

pres-kliping • press-clipping
1952 — 1972
NOVINSKA DOKUMENTACIJA
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 608-1-1572-1
Isečak iz lista
Newspaper cutting НОВА МАКЕДОНИЈА
13 V. 1972

# Пикасовата слика оштетена!?



Постои сомнение дека сликата „Глава на жена" од Пикасо — која есеноска беше мистериозно украдена од Музејот на современата уметност во Скопје, а во март годинава пронајдена и непосредно пред 1 мај вратена — е оштетена при крадењето или подоцна, додека крадците се обидувале да ја сокријат и тајно да ја продадат. Иако сликата сè уште не е распакувана и прегледана, основа за вакви сомневања дава изјавата на еден функционер на германската полиција и лицата што ја виделе сликата во моментот кога таа е пронајдена. Меѓутоа, сето тоа сè уште остануваат како претпоставки и нагаѓања, бидејќи ова скапо дело, што е осигурано на 250.000 динари, подолго време се наоѓаше во рацете на нестручни лица. Конечниот збор за тоа дали сликата е оштетена или не, треба да даде специјалната комисија од експерти која наскоро треба да се состане.

Во Осигурителниот завод ни рекоа дека тие чекаат комисијата да ја прегледа сликата и ако евентуално утврди оштетување ќе ја исплати оштетата онолку колку таа е направена. Комисијата во која дознавме дека треба да се најдат неколку конзерватори, треба да ја формира Музејот на современата уметност, кому славниот уметник му ја подари како свој прилог во рамките на меѓународната солидарност на уметниците кон Скопје во годините по земјотресот.

Т. И.